# Рак на простата: Треба ли да се испитам?





Mr PHIP

**P** rostate
**H** ealth
**I** mprovement
**P** rogram

**Repatriation General Hospital, Daw Park, SA.**

## Вовед

Ракот на простата најчесто се јавува кај мажите над 50 годишна возраст и е најчестиот вид на рак после ракот на кожата. Многу мажи знаат за другите на слична возраст кои се дијагностицирани со рак на простата. Тоа доведува до прашањето: Колкав е мојот ризик? Треба ли и јас да се проверам?

Пред да решите да одите на проверка, треба да знаете малку повеќе за ракот на простата, за тестовите кои се прават и лекувањето.

Има некои добри, некои не толку добри и некои невообичаени манифестации на ракот на простата:

*Добри факти*

- Повеќето од раковите на простата растат споро и се јавуваат кај постари мажи, тие може да не се опасни по живот. Тоа значи може да се има рак, но не мора да предизвикува потешкотии.
- Ако ракот на простата се открие и лекува пред да се рашири вон простатата, може да се излекува. Тоа се лекува со операција при што се отстранува целата простата, или со радиотерапија која го уништува ракот.
- Тестот PSA (објаснет на следната страница) може да индицира рак на простата во рана фаза.
- Ако ракот на простата се открие откако ќе се прошири надвор од простатата ќе може да се успори со лекување со хормони, радиотерапија и кемотерапија.
- Ако имате сиптоми со мокрењето како почесто мокрење и слаб млаз, тоа најверојатно не е резултат од рак, туку бенигно зголемување на простатата (не канцерогено потекување).
- Бенигното потекување на простатата ‘не преминува’ во рак.

*Не толку добри факти*

- Простатата е поставена непосредно под мочниот меур, опкружувајќи го мочниот канал и блиску до нерви кои се важни за ерекција. Тоа значи дека лекувањето може да влијае на потенцијата (можност да се има ерекција) и додржливоста (можноста да се држи мочката).
- Бидејќи овие видови рак растат со различна брзина, не секогаш сме сигурни кој од раните видови рак претставува опасност и со тоа дали раното лекување на болеста е неопходно.
- Не секогаш е лесно да се знае дали ракот е ограничен само на простатата и дали се лечи.
- Раната фаза на ракот на простата обично нема никакви симптоми.
- Ако мажот се дијагностицира со рак на рана возраст (на пр. на 50 год), ракот најверојатно ќе се развива и ќе влијае на здравјето и животот.

*Вообичаени факти*

- Можно е да се изврши операција на ракот на простата и пак да се има рак. Операциите при бенигното зголемување на простатата (како што се тн. trans-urethral resection, TURP или ‘rebore’) отстрануваат само дел од простатата. После оваа операција можно е да се добие рак на останатиот дел од жлездата.

*Со гордост помогнато од*

NATIONAL SENIORS **Foundation**

National Seniors

***Цртеж 1 – Машки репродуктивен систем***

Овој цртеж ја покажува простатата на подножјето од мочниот меур, како го опкружува мочниот канал.





Mr PHIP

**P** rostate
**H** ealth
**I** mprovement
**P** rogram

Ако имате зголемена простата не значи дека ризикот за рак на простата е поголем.

## Колкава е веројатноста да добијам рак на простата?

**Статистика**

Ракот на простата е вториот најчест вид рак после ракот на кожата кој се јавува кај мажите во Австралија. Од 1000 мажи на возраст од 50 години, околу 136 ќе заболат од рак до нивната 80-та година, а околу 27 од нив ќе умрат[1]. Знаеме дека многу постари мажи имаат мали количини на рак на простатата во жлездата, меѓутоа водат нормален начин на живот без никакви проблеми. Истражувањата покажуваат дека повеќе од 40% од мажите над 70 години имаат 'латентен' или скриен рак на простата[2].

**Групи со висок ризик**

Мажите со висок ризик од развивање на рак на простата се оние кај кои таткото или братот (роднини од прв степен) имале рак на простата на рана возраст. Маж чиј татко или брат имал рак на простата има најмалку два пати поголема шанса да се разболи отколку маж без ваква историја. Ризикот е поголем ако повеќе од еден роднина имал рак. Една студија тврди дека маж со двајца роднини од прв степен кои имале рак има пет пати повеќе шанси да добие рак[3]. Некои стручњаци препорачуваат мажите со поголем ризик редовно да се проверуваат, почнувајќи од нивната 40-та година.

**Која е веројатноста од добивање рак на простата?**[1]

| | |
|---|---|
| За маж на возраст од 40 | 1 на 1000 |
| За маж на возраст од 50 | 12 на 1000 |
| За маж на возраст од 60 | 45 на 1000 |
| За маж на возраст од 70 | 81 на 1000 |

- Младите мажи имаат помала шанса за заболување од рак на простата од постарите.
- Меѓутоа, ако се разболат најверојатно ќе умрат.
- Тоа е од причина што има повеќе време ракот да се развие, а постарите мажи најверојатно ќе умрат од друга причина[1].

**Мал и среден ризик**

Возраста кај мажите го одредува и ризикот од развивање рак на простата и дали болеста ќе биде опасна по живот. Рак на простата ретко се наоѓа кај мажите на возраст под 40 години, ако нема историја на болеста во семејството, затоа оваа старосна група е со низок ризик од заболување. Мажите на возраст од 50 - 79 години се со низок до среден ризик од заболување (погледнете ги квадратчињата). Меѓутоа, ако се разболат, големи се шансите (два од три) дека ќе им го загрози животот. Тоа е од причина што иако повеќето видови рак растат споро, за време на долг период (осум или повеќе години), болеста има доволно време да напредува. Мажите над 75 години се соочуваат со многу други здравствени проблеми. Иако веројатноста да добијат рак на простата е голема, најмалку ќе бидат погодени од истата заради краткиот период на преостанат живот.

## Кои се тестовите за рак на простата?

**PSA тест**

PSA значи Prostate Specific Antigen. Тоа е белковина произведена од нормалните и заболените клетки на простатата. PSA се открива со обичен тест на крвта. Ако има рак, нивото на PSA се покачува зашто повеќе од овие белковини навлегуваат во крвта.

PSA тестот не ни кажува со сигурност дали имаме или немаме рак. Само 4 на 10 мажи со повисок од нормалниот тест обично имаат рак! Меѓутоа, тестот е корисен. Не наведува да направиме повеќе тестови.

PSA обично полека се зголемува со возраста. Брзото зголемување може да индицира рак. Многу стручњаци сметаат дека ако сте направиле PSA тест треба да направите и анално испитување. Тоа е од причина што не сите видови рак произведуваат PSA. Аналното испитување може да открие некои видови рак кои не можат да се откријат со испитување на крвта.

**Анално испитување**

Бидејќи аналниот отвор е непосредно под простатата, а ракот најчесто расте на таа страна од жлездата, лекарот некогаш ќе може да го почуствува ракот ако стави прст во аналниот отвор. Ова испитување може да е непријатно, меѓутоа најчесто не е болно. Со PSA тестот поголеми се можностите да се открие рак во рана фаза отколку со аналниот преглед. Затоа ракот откриен со анален преглед обично е поголем. Ако овој тест се изведе заедно со PSA тестот шансите за откривање на било кој вид рак се поголеми. Меѓутоа, дури и двата теста да се позитивни сепак постои добра веројатност дека немате рак.

**Следен чекор: биопсија**

Ако имате направено PSA тест и анален преглед и двата теста се позитивни, следниот чекор најчесто е упат до уролог. Урологот може да повтори еден или повеќе тестови и да дискутира со вас за можноста дека имате рак. Тој може да ве испрати на биопсија на простатата.

При биопсијата сонда со ултразвук се вметнува во аналниот отвор со што лекарот ќе ја види простатата. Тогаш тој ќе земе 8 до 12 примероци од ткивото на простатата од неколку различни места од жлездата. Биопсијата обично се изведува со анестезија, меѓутоа сепак може да биде непријатна. Постои мал ризик од инфекција. Се даваат антибиотици заради превенција на инфекција. После биопсијата може да забележите крв од аналниот отвор или пак во мочката или пак да ејакулирате после биопсијата. Ова ќе потрае додека се смири местото.

Биопсијата е потребна за да се утврди дали имате рак на простата. Таа исто така пружа и информации за видот на ракот (колку брзо може да расте). Комбинираните информации од PSA тестот, аналниот преглед и биопсијата ќе му помогнат на лекарот да го утврди ризикот од ракот на вашето здравје и животниот век.

## Каква е постапката на лекување на ракот локализиран на простатата?

Ако ракот не е проширен вон простатата, може да се понудат три видови на лекување: само посматрање (познато и како активно набљудување или посматрање со чекање) – често пати избран метод од многу мажи кои не можат да се решат за лекување, од мажите на возраст над 70 години, или мажи со сериозни болести. Други може да изберат операција: радикална операција за отстранување на целиот рак со отстранување на целата жлезда и ткивото околу неа. Може да се понудат и различни видови на радиотерапија (радијација на областа околу жлездата). Мали дози на тн. brachytherapy е вид на радиотерапија при што радиоактивни ‘ќелии’ се оставаат во жлездата. Сите наведени видови на терапија може да влијаат на потенцијата (можноста да се има ерекција), контролирање на мочањето и функцијата на цревата. Овие последици може да бидат поголеми – на пример до 70% од мажите може да имаат последици на сексуалните функции после операција[4], меѓутоа ризикот зависи од видот на третманот. Рак на простата кој се проширил вон областа на простатата обично не се лекува и може да има поголеми последици на начинот на живот.

## Рано откривање на рак на простата и PSA тестот

Најдобриот начин на рано откривање на рак на простата е со програма на редовни PSA тестови комбинирани со анално испитување. Редовните испитувања ви ги зголемуваат шансите за откривање на ракот на простата кога се уште е ограничен на простатата и лекувањето е се уште можно. Ако мажот избере да се испита, повеќето стручњаци препорачуваат анално испитување од 50 годишна возраст. Ако мажот има историјат на рак на простата во семејството (татко или брат дијагностицирани на рана возраст) лекарот може да препорача проверките да почнат порано, од 40 - 45 година.

Има и недостатоци во програмите за рано откривање на рак на простата. PSA тестот може да индицира рак, а вие да немате рак. PSA може да открие видови на рак кои не се закана за вашиот живот, а тестот може да промаши некои видови рак. Ние се уште не сме сосема сигурни дека програмите за рано откривање на рак спасуваат животи.

Во дискусија со вашиот лекар:

1. Искажете ги вашите најголеми грижи.
2. Дознајте го вашиот ризик.
3. Балансирајте ги користа и ризиците од раното откривање (погледнете ја табелата на следната страница).

Најдобриот начин за откривање рак на простата е со анализа на крвта и анален преглед.

На вас е да решите дали ќе се подвргнете на тест. Вие треба да решите што е најдобро за вас.

Може да побарате од општиот лекар подетална проверка тн. “Well Man’s Health Check”.



| ПРЕДНОСТИ ОД PSA ТЕСТОТ | РИЗИЦИ ОД PSA ТЕСТОТ |
|---|---|
| PSA тестот може да открие рак во рана фаза, пред да се појават симптоми. | Некои видови рак растат споро и не се опасни по живот, меѓутоа нивното лекување ќе влијае на начинот на живот. |
| Рано откриениот рак и ограничен на простатата може да се излекува. | PSA тестот може да индицира рак, а вие сепак да немате рак. Ќе треба да се изврши биопсија. |
| Развиениот рак може да се успори но не и да се излечи. | Ние се уште немаме јасни докази дека рутинското тестирање спасува животи (тоа можеби ќе се докаже во иднина). |

*Footnotes*

1 Baade, P et al. Med J Aust 182 (2005) in press

2 AHTAC 'Prostate Cancer Screening' (1996)

3 Steinberg, G. D et al. Prostate 17: 337-47 (1990)

4 Harris, R. and K. Lohr. Ann Int Med 137: 917-29 (2002).

© Repatriation General Hospital
April 2005

Мажите кои не се дијагностицирани со рак на простата може да добијат враќање на парите од Medicare за PSA тест само еднаш на 12 месеци.

## Животни прикажни

Jack беше на 65 годишна возраст кога забележа дека оди се почесто во клозет и мочањето трае подолго. Неговата сопруга беше загрижена да не е рак на простатата и го тераше да се испита. Општиот лекар му објасни дека проблемите со мокрењето се типични за неговата возраст и обично се предизвикани од потекување на простатата кое не е предизвикано од рак. Додека проблемите со мокрењето може да се појават како симптоми на рак во подоцнежна фаза, во раните фази ракот на простата обично ги нема тие симптоми. После дикусијата за ризикот од имање рак и за и против правењето тестови, Jack реши да направи еден тест за да ја смири сопругата и ако резултатот е нормален да не прави понатамошни тестови.

Erik беше на 45 годишна возраст и беше загрижен што неговиот 56 годишен брат беше дијагностициран со рак на простата. Тој знаеше дека ако таткото или братот се дијагностицираат со рак на простата можноста и самиот да има рак е голема. Лекарот му објасни дека големи се шансите ако се открие рак на негова возраст ракот може да се развива и да му го загрози животот. Erik сакаше да се осигура дека ракот може да се излекува ако се открие со редовни проверки. Тој и неговата сопруга сметаа дека ова е поважно од откривањето на неважни видови рак. Лекарот предложи редовни годишни тестови до неговата 75-та година. Тој препорача и дигитално анално испитување.

Peter, на 73 годишна возраст реши да не прави тестови. Тој имаше активен живот, неговите сексуални односи со сопругата му беа многу важни, а во неговото семејство немаше случаи на рак на простата. Ако направеше тест и тестот беше позитивен, а испитувањата покажат присуство на мали количини рак тој планираше да ги игнорира.

## Редовни контроли

Ако решите да направите тест и решите да продолжите да се проверувате за рак од простата, во зависност од резултатот од PSA тестот, треба да одите за проверка на секои 1-2 години. После возраст од 75 години можете да ги прекинете проверките.

Ако решите да не правите тест, разговарајте за тоа со општиот лекар еднаш годишно, или ако сметате дека ризикот или условите се промениле.

## За повеќе информации

**Сериите Г-дин PHIP –** достапни на: www.prostatehealth.org.au

1. Треба ли да направам тест?
2. Толкување на PSA тестот
3. После дијагнозата
4. Следење после лекувањето
5. Лекување со хормони
6. Сексот после лекување
7. Корисни врски / Термини

**Интернет:**
www.prostate.org.au
www.prostatehealth.org.au
www.andrologyaustralia.org.au

**Телефон:**
Телефонска линија за помош на National Cancer: 13 11 20

Repatriation General Hospital Daw Park

The Cancer Council South Australia

Овие информации не се наменети да ги заменат советите на лекар. Информациите за рак на простатата постојано се дополнуваат. Ние ги направивме сите можни напори да ви ги презентираме најновите информации, меѓутоа вашиот општ лекар може да ви презентира нови или различни информации кои може да бидат посоодветни за вашиот случај.